КУЛТУРЕН И ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР-БИТОЛА

ОПШТИНА БИТОЛА

КИЦ БИТОЛА

# СИМФОНИЈА НА ПЕТТЕ: ЗВУЦИТЕ НА ОФИЦЕРСКИ

КИЦ БИТОЛА

алтернативен галериски простор

# СИМФОНИЈА на петте: ЗВУЦИТЕ НА ОФИЦЕРСКИ

# ЛИКОВЕН КОНКУРС ЖИВО АТЕЉЕ ИЗЛОЖБА

март-јуни 2026

Проектот **„Симфонија на петте: звуците на Офицерски“** претставува интердисциплинарна ликовна иницијатива која ги обединува едукацијата, креативниот процес и изложбената дејност. Основната идеја на овој проект е да го демистифицира создавањето на уметничкото дело, изнесувајќи го процесот од изолираните училишни кабинети директно во јавниот галериски простор на нашиот центар.

Концепт на заедничко творештво: Овој проект бараше формирање на уметнички тимови. Секој тим, составен од 5 ученици, имаше задача да замисли и реализира едно монументално дело – полиптих (композиција од пет поединечни панели), на тема: „Звуците на Офицерски“. Предизвикот беше секој ученик да работи на својот дел со сопствен ликовен ракопис, техника и стил, но крајниот резултат да функционира како хармонична и естетски поврзана целина.

**Фази на реализација:** Проектот беше структуриран во три клучни фази:

**1. Конкурс** (Идеја): Преку јавен повик, средношколските тимови под менторство на своите професори доставија идејни решенија (скици). Во овој дел, фокусот беше на планирањето, дијалогот помеѓу членовите на тимот и способноста да се предвиди финалниот изглед на делото пред воопшто да се почне со работа на платно.

**2. „Живо ателје“** (Процес): Четирите тима (20 ученици средношколци) кои доставија идејни решенија добија можност во период од три недели, од 11 – 31 мај, да творат во алтернативниот галериски простор на КИЦ Битола. Оваа фаза беше срцето на проектот. Галеријата ја трансформиравме во отворено студио, т.н. Живо ателје, каде акцентот беше ставен на социјализацијата, решавањето на ликовните предизвици во реално време и менторската поддршка.

**3. Изложба** (Резултат): Проектот завршува со свечена изложба, односно презентација на реализирани дела и доделување на сертификати и благодарници на учесниците и менторите.

**Симболика и порака:** Преку форматот на полиптихот, проектот симболично покажува како индивидуалните разлики во општеството – кога се во дијалог и имаат заедничка цел – не создаваат хаос, туку создаваат нова, поголема вредност. Учениците учат дека нивниот уникатен стил вреди повеќе кога е дел од успешното функционирање на целината.

**УЧЕСНИЦИ:**

Емилија Гроздановска
Марко Трифуновски
Михаил Марковски
Марио Андреевски
Евгенија Наумовска
Павел Талев
Виктор Стојановски
Јана Ристевска
Ана Црнец
Анастасија Василевска
Марија Котевска
Симона Николовска
Димитра Мојсова
АнаМарија Цуцунамовска
Јована Марковска
Симона Бојаџиева
Сања Цветановска
Ната Марија Шешиќ

**МЕНТОРИ:**

Ангела Каранфилова
Љубица М. Солак
Билјана Исијанин

# СИМФОНИЈА НА ПЕТТЕ: ПОГЛЕД НАД НАДВОРЕШНОТО

## Критички осврт кон младешкиот дијалог со Офицерскиот дом

Проектот „Симфонија на петте“ е одличен пример за тоа како една група средношколци може да ја преточи класичната архитектура во модерна уметничка визија. Наместо само да го пресликаат Офицерскиот дом, овие млади автори влегуваат во подлабок дијалог со неговата фасада и внатрешен живот. Тие ги земаат препознатливите геометриски елементи – како полукружните лакови, прозорците и карактеристичните розети (ѕвездестите фасадни орнаменти) – и комплетно ги деконструираат на платната...

Во некои од делата се чувствува влијанието на Робер Делоне и орфизмот преку динамичната игра со геометријата. Доминираат чистите, основни бои – црвена, жолта и сина, кои се во силен контраст со зелената, црната и белата. Овие чисти тонови внесуваат енергија која прави самите композиции да вибрираат со сопствен ритам. На тој начин се постигнува една јака содржинска интеграција со самиот простор: сликите го претставуваат она што со векови се случувало внатре во Офицерскиот дом. Флуидните и апстрактни облици на некои од платната ја симболизираат музиката, баловите, движењето и џагорот, со што атмосферата на Офицерскиот дом се претвора во визуелно доживување .

Тука се надоврзува и влијанието на надреализмот, каде реалните прозорци и цврсти архитектонски форми се преклопуваат и се распаѓаат во една нова, соновна реалност. Од друга страна, архитектурата е интегрирана и во физичка смисла – издолжените вертикални платна поставени на штафелаите го пратат ритмичниот распоред на столбовите во просторот, правејќи ја изложбата да делува како едно со амбиентот. Како што пишува Василиј Кандински во „За духовното во уметноста“, преку ваквите средства полека се доаѓа до точката каде се изразува внатрешната суштина, а креаторите свесно или несвесно се свртуваат кон изворот на својата креација. Иако овие автори се сè уште ученици кои допрва ќе го градат својот стил, со овој проект покажуваат дека знаат да создадат автентичен естетски израз и не се задржуваат само на реалистично прикажување.

**Ната Марија Шешиќ**
**ментор: проф.м-р Билјана Исијанин**



## МОСТ ПОМЕЃУ МИНАТОТО И ИДНИНАТА

Марија Котевска
Симона Николовска

Ментор: Љубица Мешкова Солак



**КОЛЕКТИВНА МЕМОРИЈА**

**Павел Талев**
**Виктор Стојановски**
**Јана Ристевска**
**Ана Црнец**
**Анастасија Василевска**

**Ментор: Љубица Мешкова Солак**



**БАЛ**
**Емилија Гроздановска**
**Марко Трифуновски**
**Михаил Марковски**
**Марио Андреевски**
**Евгенија Наумовска**

**Ментор: Ангела Каранфилова**



**ВИТРАЖИ**

**Сања Цветановска**
**АнаМарија Цуцунамовска**
**Јована Марковска**
**Симона Бојаџиева**
**Димитра Мојсова**

**Ментор: Љубица Мешкова Солак**

КУЛТУРЕН И
ИНФОРМАТИВЕН
ЦЕНТАР-БИТОЛА

**организација и реализација**

**ЈОУ КУЛТУРЕН И ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР БИТОЛА**

**2026**